# Службен весник на Република Македонија

**Број 161** **19 декември 2012, среда** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3846. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Аргентинската Република ............ | **2** |
| 3847. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Големото Војводство Луксембург.................................................... | **2** |
| 3848. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Ирска и Република Исланд........... | **3** |
| 3849. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Молдова....................... | **3** |
| 3850. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Шри Ланка и Федерална Демократска Република Непал .................... | **3** |
| 3851. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Естонија ...................... | **3** |
| 3852. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија........................................ | **4** |
| 3853. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија ................. | **4** |
| 3854. | **Решение** за разрешување и именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија........................................ | **5** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3855. | **Правилник** за изменување на Правилникот за регистрационите подрачја за возилата и нивни ознаки..... | 6 |
| 3856. | **Објава** од Министерството за надворешни работи .................................. | 7 |
| 3857. | **Решение** за давање согласност на Статутот на ЈП Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово......... | 7 |
| 3858. | **Одлука** за доделување на Државната награда „Мито Хаџи Василев - Јасмин“ во 2012 година за остварување во областа на публицистиката и новинарството од интерес на Република Македонија .......................... | 7 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-88 |

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3846.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

## У К А З
## ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО АРГЕНТИНСКАТА РЕПУБЛИКА

I

Г. Методија Белевски се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Аргентинската Република, со седиште во Мадрид.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 123
17 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

---

**3847.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

## У К А З
## ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ГОЛЕМОТО ВОЈВОДСТВО ЛУКСЕМБУРГ

I

Г. Мухамед Халили се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Големото Војводство Луксембург, со седиште во Брисел.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 124
17 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

**3848.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИРСКА И РЕПУБЛИКА ИСЛАНД**

I

Г-ѓа Марија Ефремова се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Ирска и Република Исланд, со седиште во Лондон.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 125
17 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

---

**3849.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МОЛДОВА**

I

Г. Љупчо Арсовски се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Молдова, со седиште во Букурешт.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 126
17 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

**3850.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШРИ ЛАНКА И ФЕДЕРАЛНА ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА НЕПАЛ**

I

Г. Петар Јовановски се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Шри Ланка и Федерална Демократска Република Непал, со седиште во Њу Делхи.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 127
17 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

---

**3851.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ЕСТОНИЈА**

I

Г. Агон Демјаха се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Естонија, со седиште во Стокхолм.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 128
17 декември 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3852.**

Врз основа на член 11 став 2 од Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/92, 8/04, 98/08 и 158/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.12.2012 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОСОБЕН НАУЧЕН, ЕКОНОМСКИ, КУЛТУРЕН, СПОРТСКИ ИЛИ ДРУГ НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/05), членот 3 се менува и гласи:

„Особен економски интерес, во смисла на оваа уредба постои ако странец кој поднел барање за стекнување на државјанство на Република Македонија, инвестирал капитал во износ од најмалку 400.000 евра по лице како директна инвестиција во нови капацитети, со исклучок на угостителски објекти за исхрана и трговски капацитети, со најмалку десет вработени лица на неопределено време во период од најмалку една година.

Утврдувањето на постоење на особениот економски интерес од ставот 1 на овој член го оценува Министерството за финансии врз основа на:

- потврда за упис на трговското друштво во Трговски регистар и регистар на други правни лица издадена од страна на Централниот Регистар на Република Македонија;
- потврда од Централен регистар на Република Македонија за регистрација на директна инвестиција на нерезидент во Република Македонија со износ на инвестицијата и
- уверение за платени даноци и социјални придонеси од Управата за јавни приходи за трговското друштво во кое лицето кое поднело барање за стекнување на државјанство на Република Македонија инвестирало во нови капацитети.

Покрај критериумот од ставот 1 на овој член, особен економски интерес постои ако странец кој поднел барање за стекнување на државјанство на Република Македонија:

- е врвен докажан менаџер во светски рамки;
- е врвен стручњак за технологии кои не се применуваат во Република Македонија;
- е стручњак за област која е дефицитарна со соодветни кадри;
- остварува економска соработка со деловни субјекти од Република Македонија;
- остварува директна инвестиција во постојни деловни објекти, во изградба на нови капацитети во земјата или во долгорочни хартии од вредност;
- инвестира во областа на индустриска сопственост, know-how (знаење и искуство), иновации и технолошки развој;
- придонесува за промоција на економијата на Република Македонија во странство и
- донира или придонесува за донирање на средства за остварување на економски реформи и други приоритети во Република Македонија.

Утврдувањето на постоење на критериумите од ставот 3 на овој член ќе се оценува од аспект на влијанието на капиталот врз зголемување на вработеноста, прилив на средства во Буџетот на Република Македонија по основ на плаќање на даноци и социјални придонеси, зголемување на квалитетот и квантитетот на производството со примена на нови посовремени технологии, зголемување на извозот и на друг начин.

Постоењето на особениот економски интерес врз основа на критериумите содржани во ставот 3 на овој член, во рамките на своите надлежности, го оценува Министерството за економија и Министерството за финансии.“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.41-9414/1 | Претседател на Владата |
| 6 декември 2012 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

---

**3853.**

Врз основа на член 2 став 3 и член 18 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 36/90) и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012 и 145/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 декември 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ КОИ ГИ ИМЕНУВА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија („Службен

весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 71/2005, 2/2006, 8/2006, 46/2006, 18/2007, 94/2007, 103/2007, 126/2007, 138/2007, 39/2008, 137/2008, 154/2008, 63/2009, 76/2009, 144/2009, 39/2010, 63/2010, 158/2010, 5/2011, 75/2011, 133/2011, 70/2012 и 82/2012), во член 1 во табелата:

По алинејата „директор на Државниот завод за индустриска сопственост – 3,1“ се додава нова алинеја која гласи:

„-директор на Геолошкиот завод на Република Македонија – 3,0“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.23-8608/3 — Претседател на Владата
11 декември 2012 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**3854.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011) и член 4 од Одлуката за основање на Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 декември 2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА УНЕСКО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Од должноста претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:

**а) претседателот**
- д-р Елизабета Канческа-Милевска

**б) генералниот секретар**
- Лидија Топузовска

**в) членовите:**
- м-р Антонио Милошоски
- Перо Стојановски
- д-р Неџати Јакупи
- академик Георги Старделов
- академик Али Алиу
- академик Луан Старова
- академик Јордан Поп Јорданов
- проф. д-р Велимир Стојковски
- проф. д-р Златко Жоглев
- проф. д-р Алајдин Абази
- д-р Димитар Мирчев
- д-р Бранислав Саркањац
- Јордан Плевнеш
- Борис Трајанов
- Љубиша Георгиевски
- Љупчо Јакимовски
- Паско Кузман
- Ристо Лазаров
- Мери Аницин-Пејоска
- Данило Коцевски
- Раде Силјан
- Маја Чаначевиќ-Ѓуркова
- д-р Лазар Шуманов.

2. За претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија се именуваат:

**а) за претседател**

**- д-р Елизабета Канческа-Милевска**, министер за култура;

**б) за генерален секретар**

**- Лидија Топузовска**, досегашен генерален секретар на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија;

**в) за членови:**

**- м-р Никола Попоски**, министер за надворешни работи

**- м-р Панче Кралев**, министер за образование и наука

**- Абдилаќим Адеми,** министер за животна средина и просторно планирање

**- академик Владо Камбовски,** претседател на Македонска академија на науките и уметностите

**- академик Луан Старова**

**- академик Јордан Поп-Јорданов**

**- академик Али Алиу**

**- проф. д-р Велимир Стојковски,** ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**- проф. д-р Златко Жоглев,** ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола

**- проф. д-р Замир Дика,** ректор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово

**- д-р Димитар Мирчев,** професор на ФОН Универзитетот – Скопје

**- д-р Бранислав Саркањац,** професор на Филозофскиот факултет Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**- Јордан Плевнеш,** амбасадор

**- Борис Трајанов,** оперски пејач, Уметник на мирот на УНЕСКО

**- Љубиша Георгиевски,** режисер

**- Љупчо Јакимоски,** директор на АД Македонска информативна агенција

**- Паско Кузман,** директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерство за култура

**- Перо Јосифовски,** директор на Националната установа Музеј на Македонија – Скопје

**- Мите Стефоски,** директор на Националната установа – Манифестација „Струшки вечери на поезијата“

**- Маја Чанаќевиќ,** директор на Националната установа – Македонска филхармонија

**- Ристо Лазаров,** претседател на Македонскиот П.Е.Н центар на Македонија

**- Радован Павлески,** претседател на Друштвото на писателите на Македонија

**- м-р Зоран Павлов,** претседател на Македонскиот национален комитет на ИКОМОС.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.23-6623/3 | Претседател на Владата |
| 11 декември 2012 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**3855.**

Врз основа на член 27 став 1 алинеја 7 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11 и 123/12), министерот за внатрешни работи донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИОНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА ВОЗИЛАТА И НИВНИ ОЗНАКИ

Член 1

Во Правилникот за регистрационите подрачја за возилата и нивни ознаки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/09 и 150/11), членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

1. Берово - за подрачјето на општините: Берово и Пехчево,

2. Битола - за подрачјето на општините: Битола, Демир Хисар, Крушево, Могила и Новаци,

3. Велес - за подрачјето на општините: Велес, Градско и Чашка,

4. Виница - за подрачјето на општината Виница,

5. Гевгелија - за подрачјето на општините: Богданци, Валандово, Гевгелија и Дојран,

6. Гостивар - за подрачјето на општините: Врапчиште, Гостивар, Маврово и Ростуша,

7. Делчево - за подрачјето на општините: Делчево и Македонска Каменица,

8. Кавадарци - за подрачјето на општините: Кавадарци и Росоман,

9. Кичево - за подрачјето на општините: Вранештица, Другово, Зајас, Кичево, Македонски Брод, Осломеј и Пласница,

10. Кочани - за подрачјето на општините: Зрновци, Кочани и Чешиново-Облешево,

11. Крива Паланка - за подрачјето на општините: Крива Паланка и Ранковце,

12. Куманово - за подрачјето на општините: Кратово, Куманово, Липково и Старо Нагоричане,

13. Неготино - за подрачјето на општините: Демир Капија и Неготино,

14. Охрид - за подрачјето на општините: Дебарца и Охрид,

15. Прилеп - за подрачјето на општините: Долнени, Кривогаштани и Прилеп,

16. Радовиш - за подрачјето на општините: Конче и Радовиш,

17. Ресен - за подрачјето на општината Ресен,

18. Свети Николе - за подрачјето на општините: Лозово и Свети Николе,

19. Скопје - за подрачјето на општините во град Скопје, како и за подрачјето на општините: Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер - Сандево,

20. Струга - за подрачјето на општините: Вевчани, Дебар, Струга и Центар Жупа,

21. Струмица - за подрачјето на општините: Босилово, Василево, Ново Село и Струмица,

22. Тетово - за подрачјето на општините: Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце, Теарце и Тетово и

23. Штип - за подрачјето на општините: Карбинци, Пробиштип и Штип.“

Член 2

Прилогот број 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 март 2013 година.

Бр. 121-73607/1
12 декември 2012 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

**Прилог бр. 1**

СПИСОК
НА ОЗНАКИТЕ
НА РЕГИСТРАЦИОНИТЕ ПОДРАЧЈА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. БЕРОВО.................. | BE | 13. НЕГОТИНО........ | NE |
| 2. БИТОЛА.................. | BT | 14. ОХРИД............... | OH |
| 3. ВЕЛЕС...................... | VE | 15. ПРИЛЕП............. | PP |
| 4. ВИНИЦА ................. | VI | 16. РАДОВИШ......... | RA |
| 5. ГЕВГЕЛИЈА............. | GE | 17. РЕСЕН................ | RE |
| 6. ГОСТИВАР............. | GV | 18. СВЕТИ НИКОЛЕ... | SN |
| 7. ДЕЛЧЕВО................ | DE | 19. СКОПЈЕ............. | SK |
| 8. КАВАДАРЦИ.......... | KA | 20. СТРУГА............. | SU |
| 9. КИЧЕВО................... | KI | 21. СТРУМИЦА....... | SR |
| 10. КОЧАНИ................ | KO | 22. ТЕТОВО............. | TE |
| 11. КРИВА ПАЛАНКА......... | KP | 23. ШТИП................ | ST |
| 12. КУМАНОВО.......... | KU | | |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

**3856.**

**О Б Ј А В А**

Договорот меѓу Република Македонија и Република Србија за екстрадиција, склучен во Белград на 29 ноември 2011 година, ратификуван од Собранието на Република Македонија со Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Србија за екстрадиција („Службен весник на РМ“ бр. 57/2012), е влезен во сила на 6 декември 2012 година.

11 декември 2012 година
Скопје

Министер,
**Никола Попоски**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3857.**

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈП МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО**

1. Се дава согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, бр. 03-5862 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 10.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.10-8123/2
17 декември 2012 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски,** с.р.

# ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ - ЈАСМИН“

**3858.**

Врз основа на членовите 1, 2, 7, 12, 16, 17 и 18 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2006, 54/2007 и 74/12), Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев - Јасмин“, на седницата одржана на 11 декември 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ-ЈАСМИН" ВО 2012 ГОДИНА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ПУБЛИЦИСТИКАТА И НОВИНАРСТВОТО ОД ИНТЕРЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. За остварување во областа на публицистиката, државната награда ја делат:

- Стево Стаменов и Блерим Исени, публицисти.

II. За остварување во областа на новинарството, државната награда ја делат:

- Зоран Трајчевски и Мира Костиќ - Коцева, новинари.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-5188/2
18 декември 2012 година
Скопје

Претседател на Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев - Јасмин“
проф.д-р **Веле Смилевски**, с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2012161